Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-518/3
29-08-2024 година

Постапувајќи по претставката бр. 08–518/1 од 26.07.2024 година, поднесена од [redacted] од Скопје, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21 став 1 точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација („Службен Весник на Р.С. Македонија“ бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следниот

# ЗАКЛУЧОК

**СЕ ОТФРЛА** претставката за заштита од дискриминација бр. 08-518/1 од 26.07.2024 година поднесена од [redacted] од Скопје **поради неуредност.**

## Образложение

Лицето [redacted] на 26.07.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација електронски преку интернет страната на Комисијата, достави претставка за заштита од дискриминација заведена под бр. 08-518/1.

Согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, претставката треба да ги содржи следниве елементи: податоци за подносителот, податоци за лицето против кого се поднесува претставката, околностите и фактите врз кои се темели претставката, податоци за правните дејства што претходно ги вложил подносителот, доколку ги има и потпис на подносителот.

Од причина што претставката не ги содржеше задолжителните елементи согласно член 24 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, односно не беа јасно наведени факти и околности од кои може да се увиди одреден настан со опишани дискриминаторски дејствија, Комисијата согласно член 24 став 2 од истиот Закон, до подносителот на 08.08.2024 година направи обид за достава на Барање бр. 08-518/2 за доуредување на претставката. Истото е неуспешно доставено до подносителот, од причина што на наведената адреса во претставката не живее лице со податоци на подносителот.

Согласно горенаведеното се одлучи како и во диспозитивот на овој заклучок.

Комисија за спречување и
заштита од дискриминација
Заменик претседател,
Димко Бејзароски